ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

# Упатство за Користење на Системот за електронски формулари

## *Фонд за здравствено осигурување*

## *АПТЕКИ*

| | |
|---|---|
| Изработено на: | Февруари 2011 |
| Верзија бр: | 3 |

## Најава во системот

Секоја аптека пред користење на порталот задолжително се најавува во системот со своето корисничко име и лозинка. Тоа се прави на следниот начин:

- во интернет пребарувачот Internet Explorer, се пишува адресата на порталот за Фондот за здравствено осигурување: http://fzo.mio.gov.mk;
- во тој момент на екранот се прикажува формата за најава како на слика 1;
- во неа корисникот го внесува своето корисничко име и лозинка.




Слика 1 – Најава на корисникот во системот

Со кликнување на "Најави се" корисникот е најавен во системот и на екранот се почетната страница на порталот за ФЗО (слика 2).




Слика 2 – Почетна страна на порталот за ФЗО

На средината на екранот се наоѓа линк до библиотеката за аптеки преку кој тие можат да пополнуваат месечни извештаи за требувани и испорачани лекови.

## Одјава од системот

Кога корисникот ќе заврши со работата во системот, потребно е тој да се одјави од системот. Тоа може да се направи со кликнување на стрелката до корисничкото име на најавениот корисник, во најгорниот дел и од отвореното мени да се одбере "Одјави се" (слика 3).




Слика 3 – Одјава од системот

## Месечен извештај за требувани и испорачани лекови

Месечниот извештај за требувани и испорачани лекови е еден од формуларите со кои Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија учествува во проектот Систем за електронски формулари. Тоа значи дека овие овој извештај од сега за аптеките во Република Македонија можат да го пополнуваат во електронска верзија директно преку интернет конекција, при што нивното доставување во Фондот за здравствено осигурување (ФЗО) е многу поедноставно. Можност за пополнување на овој извештај имаат сите аптеки кои имаат корисничко име и лозинка за најавување, обезбедени од ФЗО.

До електронската верзија од формуларот може да се пристапи преку порталот на Фондот за здравствено осигурување како дел од Системот за електронски формулари http://fzo.mio.gov.mk. Со кликнување на тој линк на екранот се отвара формата за најавување, каде што лицето од аптеката го внесува корисничкото име и лозинката (овој процес е подетално објаснет во првото поглавје). На средината се наоѓа линк до библиотеката за аптеките преку кој тие можат да пополнуваат месечни извештаи за требувани и испорачани лекови, како и да вршат преглед на веќе испратените извештаи.

## Месечен извештај за постепено пополнување

Во оваа библиотека аптеките како корисници можат да одберат една од двете верзии на извештајот за требувани и испорачани лекови. Со кликнување на стрелката

покрај “Ново” и одбирање на “Формулар за аптеки” се отвара првата верзија од формуларот која е погодна за оние корисници кои имаат мал број на ставки за внесување (слика 4).

Начинот на пополнувањето на оваа верзија од извештајот е многу едноставен. Уште при самото отварање на формуларот, автоматски се пополнуваат податоците за аптеката која е најавена во системот.




Слика 4 – Месечен извештај за требувани и испорачани лекови кои го пополнуваат аптеките

Внесувањето на лековите почнува со одбирање на генеричкото име кое го има лекот што се внесува. Со одбирање на едно генеричко име и заштитното име на лекот. Со одбирање на некое заштитно име, полињата: шифра, АТЦ код, производител, цена без/со ДДВ се пополнуваат автоматски според податоците за тој лек. Податоците во овие полиња не можат да се менуваат. Следниот чекор е внесување на количината на требувани и испорачани лекови, со што сумата за нив се пресметува автоматски, со заокручување на .00 и .50 денари. И овие вредности не можат да се менуваат.

За додавање на секој следен лек, корисникот треба да кликне на “Додади нов ред” со што во табелата се појавува нов празен ред. Понатаму процесот е ист.

На крајот во полињата “Вкупно”, автоматски се пресметува вкупната сума на сите требувани и испорачани лекови.

Важно да се напомене е дека кај овој формулар лековите се внесуваат во две различни табели: за обични и скапи лекови. Притоа лекови кои ги има во листата на скапи лекови не можат да се внесуваат во табелата за обични лекови и обратно.

На крајот лицето кое што го пополнува формуларот може да напише доколку има некоја забелешка во врска со извештајот. Потоа го внесува безбедносниот код генериран од системот и со кликнување на копчето “Испрати” месечниот извештај ќе биде испратен до Фондот за здравствено осигурување. Доколку корисникот не успее да го пополни целиот формулар, истиот може да го зачува со кликнување на копчето “Сними” под соодветно име и пополнувањето да го продолжи со следното најавување. Притоа корисникот од листата на извештаи го одбира саканиот формулар и го продолжува пополнувањето.

## Месечен извештај за прикачување на XML датотека

Втората верзија од извештајот е наменета за оние аптеки кои користат софтверски апликации што генерираат такви извештаи според внесените податоци. До него се пристапува со кликнување на стрелката покрај “Ново” и одбирање на втората можност “Формулар со XML”. Оваа верзија на формуларот е прикажана на слика 5.




Слика 5 – Месечен извештај за требувани и испорачани лекови со прикачување на XML датотека

При отварањето на формуларот, автоматски се пополнуваат податоците за аптеката која е најавена во системот. XML датотеката се прикачува со кликнување на истоименото поле прикажано на слика 5. На крај се внесува безбедносниот код и со кликнување на копчето “Испрати” извештајот е доставен до Фондот за здравствено осигурување.